МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# *Наслов на презентација (КОЛОНОСКОПИЈА)*

***Назив на ЈЗУ  Борка Талески – Прилеп***

***Назив на институција каде е одржана обуката (Лив хоспитал  Р. Турција (април-maj 2015)***

***Име и презиме на лицето испратено на обука Емилија Ристеска***

***Датум на презентација: 21.05.2015год.***

www.moh.gov.mk

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# *КОЛОНОСКОПИЈА*



# Дефиниција

Колоноскопијата се применува за испитување на слузницата на дебелото црево, за отстранување на полипи во дебелото црево (мали, бенигни тумори), за земање примероци, биопсија на дебелото црево и друго.

# Цел

Колоноскопијата е најсигурниот, најдеталниот преглед на дебелото црево и со овој преглед можат да се утврдат и почетни абнормалности и болести во најраните фази. Оваа дијагностичка метода е многу попрецизна од иригографијата и може да го открие карциномот на дебелото црево уште во неговите рани, почетни стадиуми.

# Подготовка на пациентот

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Пред да се изведе колоноскопијата, на пациентот му се даваат упатства. Така, пациентот не смее да јаде цврста храна 2 дена пред колоноскопијата. Дозволено е само бистри супи, бистри сокови, чај и вода.
Исто така, пред изведувањето на процедурата, на пациентот му се дава средство за прочистување, лаксатив со што се чисти дебелото црево. Дебелото црево треба да е потполно испразнето, бидејќи, во спротивно, колоноскопијата не е можно да се изведе.
Иако самиот преглед е непријатен за пациентот, сепак е релативно безбеден.
Доколку пациентот има тешка срцева, белодробна или бубрежна болест треба за тоа да го информира лекарот. Пациентот треба да престане да зема лекови кои го зголемуваат ризикот од крварење, како што се на пример аспиринот и нестероидните антиинфламаторни лекови, неколку дена пред изведувањето на колоноскопијата.

# Изведба на колоноскопија

1. Медицинската сестра го сместува пациентот на едноскопски кревет , свртен на лева страна со нозете свиткани во коленици. ( Доколку е потребно се дава премедикација / анестезија). На пациентот му се објаснува процедурата колоноскопија.



2.Медицинската сестар го вклучува ендоскопскиот столб на кој е приклучен колоноскопот.

3. Медицинската сестра му го подава колоноскопот на лекарот.

4.Потоа лекарот долга, тенка свитлива цевка го спроведува преку анусот (чмарот) до дебелото црево.

5.Ова обично трае околу 15 минути и се изведува со интравенска седација. Алергиска реакцијата кон лековите за смирување е релативно ретка.
Колоноскопијата се изведува во болнички услови како амбулантска процедура (т.е пациентот не се хоспитализира).Ја изведува лекар-специјалист, кој е посебно обучен за изведување на оваа процедура.

6.По завршување на колоноскопијата пациентот  доколку се чуствува добар може да стане.
А медицинската сестра има задача да го испере и дезинфицира колоноскопот за следниот  пациент.



# Документација за извршените интервенции

Електронска евиденција за сите извршени интервенции.

Документирани извештаи за гастроскопија во два примерока. Еден се дава на пациентотот, а другата во класер за интервенции ендоскопски оддел.